# Missoni - Ден на италијанскиот дизајн во светот
## 100 години од раѓањето на Ottavio Missoni



# Missoni – Анализа на модни колекции

1953-2021

Доц. д-р Марија Ќертакова



# Missoni во 1960-те



Годинава Мисони полни 68 години од отворањето на првата плетачка работилница во Галарете во 1953 – меѓутоа процесот на развој се крунисува со успех после релативно долготрпелив и напорен временски период, откако основачите Отавио-Таи и Розита Мисони доаѓаат до идеја да ја презентираат својата облека во живо, пред публика. Првите фустани со етикета Мисони се претставени на витрините на Стоковната куќа La Rinascente (Ринашенте) во Милано во 1958 година, тоа е период кога модата Prêt-à-Porter (облека готова за носење) е во подем. Меѓутоа сеуште се работи за период на пробив, кога дизајнерскиот пар се обидува преку соработка со познати дизајнери (Emmanuelle Khanh) да презентира свои модели на витрините на познатите стоковни куќи, притоа сеуште не утврдувајќи се како познат моден бренд. За ова се потребни уште цели 10 години, кога Мисони започнува јавно да ги покажува своите дизајни на живи модели. Причината се должи поради фактот што дотогаш модните ревии се однесуваат исклучиво за Висока мода (Haute Couture) – презентации на париска висока мода, под затворени врати, наменети за одбрани клиенти. Во текот на 1960-тите години на минатиот век, модните ревии се трансформираат во навистина нешто сосема ново и модерно, полно со живот и демократски ориентирани, поставени на тогаш необични локации како Лондон и Милано. Тоа се години кои бележат почеток на нов вид на мода. Во овој контекст ќе ја споменеме на кратко тинејџерската мода, која сама по себе е еден од најголемите модни феномени и се јавува како резултат на бунтовните млади генерации, кои повеќе не сакаат да се облекуваат како своите мајќи и баби. Модата на Мисони е токму во синхрон со овие општествено-политички настани и промени и одговара на духот на времето – од овие причини уште од старт Мисони модата се карактеризира со коншалантност, леснотија на материјалите, слободни линии, едноставна суптилност и младешки дух.


being MISSONI
They'd displayed 18 of these dresses
in the two kinds of striping.
Activate Windows
Go to Settings to activate Windows.


being MISSONI
F.LLI BOCCONI
It was a nice window!

Мисиони во 1966 г., првото *модно шоу* во театар Џероламо кое го свртува вниманието на светот на модата кон Милано

Спектакуларен прв „хепенинг“ на модната куќа, првиот одржан во театар Героламо (Gerolamo), а вториот во Соларен базен (Piscina Solari) – ова е пионерски револуционерен начин на моден перформанс во Италија, кој го поставува Милано во центарот на светските модни случувања

Целта е да се замени класично чекорење на модна модна писта со нестандарден, неконвенционален и нетрадиционален начин на моден перформанс, еден вид итра алатка преку која успеваат да оставaт препознатлив белег во модниот печат и за брзо време да се популаризираат не само во Италија туку и надвор од неа, соработувајќи со познати модни имиња во Париз

Овде од старт со право можеме да кажеме дека се работи за исклучително амбициозни млад дизајнерски пар кои смело чекори со јасна визија за својата и иднината на својот моден бренд





Театар Гермоламо, 1966 година







Соларниот базен, 1967


being MISSONI
with whom later
we did four collections

being MISSONI



with whom later
we did four collections

Activate Windows
Go to Settings to activate Windows.



Activate Windows
Go to Settings to activate Windows.



Activate Windows
Go to Settings to activate Windows.



Activate Windows
Go to Settings to activate Windows.


being MISSONI
Activate Windows
Go to Settings to activate Windows.

# Причини за појава на нов начин на модно претставување

Во текот на 60-тите години на минатиот век, Италија ја завршува повоената трансформација и прераснува од главно аграрна, релативно сиромашна земја во една од економски и социјално најнапредните земји во светот. Другите демографски, економски, технолошки и културни промени го трансформираат италијанскиот секојдневен живот и ги поттикнаа социјалните немири. По завршувањето на Студената војна во 1989 година, притисоците за политички и економски реформи, европското економско обединување и глобализацијата ја изложија Италија на нов спектар на предизвици.

Студентските протести во Италија, исто така, масовно започнуваат во 1967 година, а движењето продолжува дури во 1970-тите. Универзитетите од Пиза до Торино до Тренто, се окупирани, а предавачите и наставниците биваат предизвикувани на час, што причинува да доминираат алтернативните начини на живот во културата на младите. Една цела генерација се радикализира. Студентите ги предизвикаат и црквата и Комунистичката партија, како и сеприсутното потрошувачко општество и традиционалната моќ на семејството. Еден од слоганите на движењето е „Сакам да бидам свој/своја“. Токму таа потреба од индивидуализам и потрага по слобода е главната движечка сила која ја привлекува младата популација која станува сепоприсутен и се почест конзумент на модата на Мисони.

Missoni 1960-тите








# Missoni во 1970-те



1970-тите во Италија се години на социјална и политичка посветеност низ целата земја. Деценијата се отвора со воведување на развод, во 1970 година и завршува со законот за абортус, во 1978 година. Двата закона се жешка тема во италијанската култура. Два популарни референдуми го делат населението на фракции. Понатаму, работничките штрајкови и терористичките активности ги зафаќаат 70-тите години на минатиот век, заедно со феминистичките движења кои го оспоруваат крутиот католички морал на општеството и правниот систем. Во текот на таа деценија, сите имаат политичко гледиште. На што било. Жените се борат за своите општествено-политички права, а сето тоа се одразува не само на начинот на мислење, туку и на начинот на облекување. Еманципацијата на жената е на пиедестал. Хипи-движењето е во апогеј и прокламира слобода, мир, братство и единство, како главен протагонист е слободата со сите нејзини доблести и маани. Младата популација особено се радува на ваквиот начин на индивидуална слобода, бидејќи комунистичкото општество сеуште е во маргините на своето постоење и оневозможува целиот младешки потенцијал да се произнесе. Од моден аспект ова ќе каже дека облеката станува ослободена од секакви граници, правила и кодекси, а тинејџерската мода и модата на младите е во подем. Бунтовноста која оваа генерација ја чувствува кон возрасните и кон општествениот режим ја искажуваат со масовни протести и организирање на рок-концерти на кои непрестајно пијат алкохол и конзумираат психотропни супстанции кои водат до психоделичост и масовни маневри. Во една таква општествена ситуација, модата секогаш наоѓа начин да избега од реалноста, во случајов Мисони успева презентирајќи премногу слатки, куклени модели во топли живописни бои и едноставни дизајни.

Најпознати модни трендови типични за 1970-тите

Микро мини или макси здолништа
Слободни, лелеави фустан-наметки од типот на кафтан
Панталони или фармерки – Ѕвонарки
Дебели колани околу половината
Деколте со V израз
Целосни панталони - Комбинезони
Чевли со платформа
Плетена облека со интересни комбинации на орнаменти
Диско облека
Кадрава ноншалантно разбушавена долга коса
Декоративна трака за чело со вез со народни елементи
Пластични аксесоари (обетки, белезики и сл.)






WOLF
MODEL
FORM
CO.




look ravishing, Italian style:
silk jerseys in paradise
Apple green silk jersey, *left*, printed with the garden and birds of paradise, wrapped round the body, swept into a cape back fringed with eau de nil silk. By Missoni, £120, at Browns. Pendant, £8.50, The Purple Shop. Bluebell suede bar shoes, £7.50, K Shoes, Brompton Rd, S.W.3. Faint blue tights, 35p, Berkshire. Striped poncho blouse, *right*, fringed and bare to the navy skirt printed over with the embroidery of a Spanish shawl, gathered from a hip basque. In pure silk jersey, by Missoni, £70, at Browns. Feather choker with enamel brooch, The Purple Shop. Lilac tights, 40p, Pretty Polly. Suede sandals £9.50, Pedro Garcia, at Russell & Bromley, West End branches; Mary Graeme shops. Make-up by Leichner: Kamera Klear Sailcloth eye shadow; Dolly Red lipstick
BARRY LATEGAN

# Missoni во 1980-те






1980-тите се време на забава, ексцеси, луксуз и оптимизам. Тоа е ера на економски раст и трансформација. Всушност, од просечна земјоделска земја, Италија масовно започнува да отвора нови фабрики во служба на економијата. Милано станува центар на полуостровот, негов социјален и економски центар.

Во текот на оваа деценија, “Made in Italy” станува светски бренд. Земјата ги отвора границите за разновидни надворешни влијанија, додека странците ја откриваат италијанската култура и начин на живот. Љубителите на музика во нивниот кодекс на облекување и однесување се инспирирани од нивните поп идоли, како Madonna, Wham, Duran Duran. Многу поп-бендови од Британија и Америка, започнуваат се почесто да ја посетуваат Италија и да организираат турнеи низ цела држава.

Музиката и културата, исто така се причина за создавање на „урбаните племиња“ – субкултури на групи млади луѓе поврзани со стилот на облека или музичките склоности. Секој од нив има свои ритуали, места за средби и стил на облекување.

Најпознати модни трендови типични за 1980-тите

Најпознати модни трендови типични за 1980-тите

Луксузни облеки со изразени рамена
Статус симболи – скапи Ролекс часовници, златен накит во изобилство и поршеа
Огромни и обемни буфан ракави
Широк колан стегнат во тенок струк
Огромни чанти (целта е да се покаже богатство)
Мини здолништа
Панталони/Фармерки со висока половина
Огромни јакни од деним
Чевли со висока потпетица (престиж)
Раскошна облека со интересни комбинации на бои
Животински принт
Фитнес облека
Кадрава ноншалантно разбушавена обемна коса
Декоративна трака за чело за фитнес вежби
Црвен кармин и црвени нокти






WOLF
FORM CO
N.Y.C.



# Missoni во 1990-те



Во текот на 1990-те најдоминантна е Јапонската инвазија, односна влијанието на културата на далечниот исток, која најмногу се забележува во емитувањето на јапонски анимирани филомви, додека американската инвазија врз мејнстримот доминира преку телевизијата, најмногу филмската и музичката индустрија. Во однос на модата ова е период на чиста национална доминација на домашните брендови, со целосна почит кон западните, меѓутоа акцент се става на Италијанското. Мисони не заостанува зад овој факт.

Најпознати модни трендови типични за 1990-тите

Ера на супермоделите
Широки облеки – особено фармерки, особено целосни-комбинезон
Тесни хеланки и Шорцеви за велосипед
Кратки широки мајчки со гола половина – да се покаже папокот
Мини здолништа и панталонки
Неонски ветровки
Пуловери со риги (гранџ ера)
Спортски патики
Широки маички испечатени со филмски/музички ѕвезди
Кежуал облека со интересни комбинации на флуоресцентни бои
Скаени тесни панталони
Пеглана степенесто шишана средена коса
Коса собрана во коњски опавчиња на повеќе места
Коса со осветлени прамени
Специфична шминка – дебели веѓи, нацртана усна и бемка















Missoni - 1990's Missoni Multi Necklace



Missoni multi print embroidered hat

# Missoni во 2000-те



Најпознати модни трендови типични за 2000-те

Искинати фармерки со права линија

Фармерки со ниска половина

Панталони со должина до под-колената

Везен тексас (фармерки, јакни и елеци)

Голи рамена

Фустанчиња Бејбидол

Пончо со народни шари

Чевли на платформа

Брановидна коса до рамената

Кратки струкирани јакни

Долги плетени здолништа

Тренерки за спорт

Декоративна марама за глава и чанта

Потпетици со средна висина и остар врв







Missoni Пролет/Лето 2002

# Missoni во 2010-2020



Најпознати модни трендови типични за 2010-2020

Исклучително припиени по линијата на телото фустани
Максимално тесни фармерки кои ќе покажат што послаби нозе
Клин патики
Голи рамена (слободен, ноншалантен израз на деколтето и горниот дел)
Панталони со меѓуножје (мажи)
Плетени фустанчиња или перелини со специфични орнаменти
Кроеви со висок струк (идејата е фигурата да изгледа што повисока)
Стреч хеланки и краток горен дел за фитнес
Комфортни офис кошули во комбинација со тесна миди-сукна
Високи потпетици во кожа боја (телото да изгледа што повисоко и повитко)
Тесни мајчки, Длабоко деколте
Струкирани палта
Комбинација од елегантна и спортска облека
Практична фризура (пунџа, опавче, права коса и сл.)






Кендаал Џенер позира во пустина за Мисони кампања, Пролет/Лето 2018






# Од цртеж до готов производ






# Модата како Уметност






Art Nouveau “Spring” a painting by Fanitsa Petrou

Модел на Missoni од 1960-те години

# Missoni моден бренд достоен за светска елита


esskate.blogspot.com
hatling






Angela Missoni the creative director and president of Missoni S.p.A.








**The Missoni Family and the Iconic Brand founded by Ottavio and Rosita Missoni**

# Заклучок

Missoni не се ориентира во согласност со краткотрајните модни тенденции. Брендот се фокусира на нивниот заштитен знак-стил, кој се карактеризира со мешавина од светли и забавни бои, шеврони со цик-цак орманенти и специфичен италијански њух, а не на експериментирање со нови стилови и модни линии за секоја наредна сезона.

Ако прагматизмот и удобноста се омилените нови концепти на новите модни тенденции на повеќето марки низ светот, за Мисони тие се живот и моден белег. Плетеното е првото нешто на што мислите кога размислувате за удобност, а тоа е приказната за тоа како започнува Мисони. Удобноста е во ДНК-то на Мисони: можноста да се движите во кој момент од денот, во било која пригода.

Моделите се дизајнирани со уникатна филозофија – третирани како уметничко дело отколку како мода за еднократна употреба, со што едно купено парче Мисони е инвестиција не само за една сезона, туку и за цел живот.

# Есен-Зима 2021 година

FALL 2021 READY-TO-WEAR

Додека прагматизмот и удобноста може да бидат омилените нови концепти на новите модни тенденции, за Мисони тие се живот и моден белег. Плетеното е првото нешто на што мислите кога размислувате за удобност, а тоа е приказната за тоа како започнува Мисони. Удобноста е во ДНК-то на Мисони: можноста да се движите во кој момент од денот, во било која пригода.

Бидејќи пандемијата ја спречува да приреди вистинска модна ревија, Ангела Мисони осмислува доста поразличен начин на модно претставување – kако што самата вели ”Сакав да го покажам духот на група девојки во различни моменти од реалниот живот“ – презентирани и видени како се движат низ сценарија од секојдневниот живот – бизнис, рекреација, забава и патувања - колекциите се репрезент на удобност во вистинска смисла на зборот. Најлежерните, најсекојдневни и најпрактични аспекти во колекцијата се изразени во удобните кроеви, од комфортни сакоа до обемни дуксери, плетени елеци и џемпери. Вечерните фустани се одликуваат со едноставни геометриски форми – трикотажни плетени со блескав сјај - додека дневните фустаните се проткаени со добро познатото плисе. Моделите изгледаат реално и многу практично.




**Missoni Есен/Зима 2020/2021**

**Following: Missoni video Fall Winter Collection 2021/2022**